КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
август 2013 • бр. 31 • година 5



ПОДГОТВЕНИ ЗА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Registered ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753

Контакт со Општина Карпош

Адреса: ул. Радика бр. 9, 1000 Скопје; kontakt@karpos.gov.mk 3069-799, 3061-353, 3062-925, karpos.gov.mk

УЗ Карпош 1
Мирче Блажевски тел.070/244-286 и 02/3068-754 и 078/486-929
Адреса: ул. Иван Аговски бр.2

УЗ Карпош 2
Лидија Цацановска тел. 078/486-955 и 02/3071-246
Адреса: ул. Бранислав Нушиќ бр.4

УЗ Карпош 3
Мирјана Георгиевска тел.072/268-054
Снежана Тасева тел. 078/486-919
Адреса: ОУ.Лазо Трповски

УЗ Карпош 4
Виолета Божиновска тел.072/268-052
Адреса: ул.Љубљанска бр.6

УЗ Тафталиџе 1
Вера Пенова тел.072/209-685
Адреса: ул.Букурешка бр.2

УЗ Тафталиџе 2
Горан Велковски тел.078/486-928
Адреса: ул.Копенхагенска бр.5

УЗ Влае 1
Ненад Зафировски тел.072/268-053
Адреса: ул.Фјодор Достоевски бр.2

УЗ Влае 2
Жарко Јосифовски тел.072/268-056
Адреса: ул.Сливовска бр.1

УЗ Нерези
Весна Антеска тел.078/486-922
Адреса: ул.Ванчо Мицков бр.19

УЗ Владо Тасевски
Елена Ѓурчилова тел.078/486-927
Адреса: ул.Дрезденска бр.52

УЗ Кузман Јосифовски Питу
Виолета Михајловска тел.078/ 486-924
Адреса: ул.Стрезово бр.7

УЗ Пецо Божиновски Кочо
Ацо Постоловски тел.078/486-925
Адреса: ул.Стрезово бр.7

МЗ Злокуќани
Гаши Садри тел.078/486-923
Адреса: ул.Скупи бб.

МЗ Бардовци
Мирослав Петрушевски 076/907-081
Адреса: с.Бардовци

ДЕЖУРНА АПТЕКА



0-24ч

www.eurofarm.com.mk

ЕВРОФАРМ

ДЕЖУРНА АПТЕКА
(ПАЗАР ТАФТАЛИЦЕ)
тел: 02/55 14 580

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВО ФОКУСОТ

НЕ МОЖАМ, А ДА НЕ ПИШУВАМ 6



КУЛТУРА

МАКЕДОНИЈА Е ИНСПИРАЦИЈА 20



ЦВЕТНИ ГРАДИНИ

ЈАПОНСКИ ДВОР ВО ТАФТАЛИЦЕ 27




ТУРИЗАМ ВО КАРПОШ

РЕКРЕАЦИЈА И ЗАБАВА НА ВРВОТ НА ВОДНО 28



СПОРТОРАМА

ХРАБРОТО СРЦЕ ЈА ОСВОЈУВА ПРИРОДАТА 32



Издава Општина Карпош
Бул. „Партизански одреди“ бр.68
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-61-353
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Стевчо Јакимовски
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Уредници
Лилјана Петрушевска-Кочовска
liljana.petrushevska@karpos.gov.mk
Миле Раденковиќ
mile.radenkovic@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски

„Црвена јабука“ го отвори „Карпошово културно лето 2013“

ЖЕРА ЖАРЕШЕ ВО КАРПОШ

„Има нешто... во срцето на Карпош“, „Дирлија“, „Туго несреќо“, „Некако с пролеќа“ беа звездениот бум на годинашново, шесто по ред „Карпошово културно лето“. Жера палеше и гасеше речиси 5.000 свои обожаватели цели два и пол часа, во жешката августовска вечер и порачуваше да го сакаме Карпош. Токму ваков фантастичен двочасовен концерт за почетокот на „Карпошово културно лето 2013“ приреди легендарната „Црвена јабука“ на игралиштето „Сокол“ на 14 август во Карпош. Традиционалната едномесечна културна манифестација во организација на Општина Карпош, на жителите на општината, но и на поширок аудиториум од цела Македонија, им понуди незаборавен концерт со легендите од поранешната југословенска сцена.

Нешто повеќе од два часа, прочуениот Дражен Жерајиќ – Жера, во придружба на својот бенд, извонредната „Црвена јабука“, ја забавуваше публиката во Карпош, изведувајќи голем дел од својот препознатлив репертоар. Веќе на третата песна, „Дирлија“, публиката беше на нозе, а до крајот на концертот верните обожаватели на групата во еден глас со лидерот на бендот ги испеаја и „Волио бих да си ту“, „То ми ради“, „Има нешто од срца до срца“, но и многу други хитови, наменети како за постарите, така и за помладата популација на концертот.



За крај, на двочасовната дружба што го означи почетокот на годинашното „Карпошово културно лето“, публиката со громогласен аплауз успеа да ја врати „Црвена јабука“ на сцената за бис со дополнителни три песни. **Л.П.К.**



Почитувани сограѓани



Зад нас го оставаме несомнено најтоплиот месец во летото. Сепак, тоа не беше пречка во изминатите 30-тина дена да продолжиме да работиме на подобрување на животот во нашата Општина. Иако, со почетокот на традиционалното „Карпошово културно лето“, шесто по ред, август можеме слободно да го наречеме месец на културата во Карпош, сепак не дозволивме да заостанат другите наши обврски кон граѓаните.

Советот на Општината редовно заседаваше и донесе неколку витални одлуки кои се во интерес на граѓаните на Карпош, нови детални урбанистички планови за да се продолжи урбанизацијата и да се забрза развојот, легализации на бесправно изградени објекти, согласно Законот и сл. Донесовме и одлука за закуп на училишен простор за правни и физички лица за цела претстојна учебна година. Ова, со цел да дадеме конкретен придонес за натамошен развој на спортот во Општината, но и на младите креативно да им го осмислиме слободното време.

Овој месец имаме и конкретни работи со кои можеме да се пофалиме. Општина Карпош и официјално стана членка на Климатската алијанса на европски градови и општини, групација која постои од 1990 година со седиште во Франкфурт, Германија. Со потпишување на Манифестот за зачленување, се обврзавме да применуваме неколку универзални принципи кои придонесуваат за поздрава животна околина, која не само што нè приближува до европските општини и начин на живеење, туку конкретно придонесува за подобрување на здравјето на нашите граѓани.

Се разбира, и покрај енормно високите температури, не запревме со реконструкциите на објекти и изградба на инфраструктурата. Минатата година целосно ги реконструиравме сите десет училишта на територијата на Општина Карпош, а ова лето на ред беа градинките. Со поддршка на меѓународната заедница реконструиравме два клона на градинката „Пролет“, едниот во Козле (донација од јапонската влада во износ од 55.350 евра), а другиот во Влае 1 (Швајцарската агенција за развој и соработка ќе вложи околу 40.000 евра, а Општината од својот буџет нешто повеќе од тоа), сé со цел пред почетокот на учебната година целосно да се опремат овие детски установи за работа според европски стандарди, а на нашите деца да им се обезбедат пријатни и хигиенски услови за престој. Се градеа и улици, водовод, канализација, ново паркиралиште добија и граѓаните од улицата Гиго Михајловски во Карпош2.

Сепак, фокусот на живеењето во август ни беше ставен на културата. Ние не ги прекинуваме традициите, туку ги негуваме и развиваме. Така, по четврти пат се одржа и Меѓународниот акварелен симпозиум, кој траеше десеттина дена, паралелно со „Карпошовото културно лето 2013“. На него учествуваа 40-тина врвни акварелисти од целиот свет и од Македонија, а од година на година интересот за него во земјата и во светот расте, што уште еднаш потврдува дека сме на вистинскиот пат во негувањето на креативните аспекти од живеењето и континуирано го збогатуваме секојдневието на карпошани.

Се разбира, централна манифестација беше „Културното лето“, кое, во сосема нов лик, со стари и нови уметници и со мноштво содржини, им ги разубави августовските вечери на сите граѓани на нашата општина, кои овие 20-тина дена летото го минаа дома. Имаше музика, театарски и филмски претстави, кулинарски дегустации... За секого по нешто.

Овој изминат месец, достојно ги одбележавме сите верски празници на сите националности од нашата општина, како и револуционерните празници, 72-години од формирањето на Првиот скопски партизански одред.

На прагот сме од нова учебна година и работна есен и целосно подготвени да се фатиме со сериозните обврски и предизвици како локална власт која одговорно работи за своите граѓани.

Вашиот градоначалник,
Стевчо Јакимовски



Одблиску со Огнен Неделковски

НЕ МОЖАМ, А ДА НЕ ПИШУВАМ

Со најплодниот македонски текстописец разговаравме за неговата авторска вечер во рамките на „Карпошово културно лето 2013“, за неговата врска со Карпош, за пишувањето како пасија, за плановите...

Годинава Вашата авторска вечер на „Карпошово културно лето“ беше еден од најпосетените настани. Како се случи соработката со „Младински форум за соработка“ и со Општина Карпош и што за Вас значеше да се биде дел од оваа манифестација?

- Идејата за авторската вечер на Огнен Неделковски потекна од градоначалникот на Карпош, господинот Стевчо Јакимовски. Тој изрази желба моите најдобри текстови да ги соберам на едно место и да се направи вечер на Огнен Неделковски во рамките на „Карпошовото културно лето“. Јас веднаш се воодушевив од неговата идеја и се израдував зашто, морам да признаам, првпат некој се сетил да направи нешто такво за мене како автор иако веќе 23 години сум присутен на македонската музичка сцена. Значи, иницијалната каписла беше од градоначалникот на Карпош, а подоцна следуваа и контактите за реализацијата на настанот, за што сум им особено благодарен на Оливер Ромевски и на Александар Николовски кои дадоа сè од себе тоа да биде еден величествен настан. Јас помогнав, нормално, со тоа што најдобро знам да го работам, со пишување на сценариото, со избор на песни и со контакти со пејачите кои настапија вечерта. Така се склопи еден проект кој, се надевам, беше интересен за публиката од Карпош.

Кога сме кај тоа, колку како настан беше интересна авторската вечер на Огнен Неделковски, што според Вас недостигаше, а што беше најпривлечно за публиката, односно што го задржа нејзиното внимание до крајот на двоиполчасовната програма?

- Недостигаа некои пејачи кои, за жал, веќе не се меѓу нас, а со кои јас сум соработувал. Во секој случај, недостигаше еден Тоше Проески, па еден Гоце Арнаудов, Гоце Николовски, кои испеаја навистина одлични мои текстови. Недостигаа и некои други пејачи кои од различни причини не успеаја да дојдат. Сепак, мислам дека успеавме да понудиме спој на забавни и народни песни и на одлични изведувачи, а вклучувајќи и неколку детски песни, обезбедивме целовечерна музичка програма за сите генерации. Освен тоа, моја поезија рецитираше и актерот Ефтим Трајчов-Ѓаурски, па на тој начин имаше по нешто за сечиј вкус. Секој го чекаше својот оми-

лен хит и токму затоа успеваме да ја задржиме публиката до крај. Се разбира, веројатно сите чекаа да настапам и јас со мојот другар Ване Ѓоргоски.



Има ли Огнен Неделковски заедничка приказна со Карпош и како тече таа?

- Во Карпош живеам последниве 15 години, заедно со мојата сопруга Соња и со синот Филип. Точно е тоа што на авторската вечер го кажа и градоначалникот Јакимовски, дека тука живееме како потстанари. Сменивме три стана, по пет години во секој од нив – ете ги петнаесетте години во Карпош. На мојата сопруга Соња многу ѝ се допаѓа во Карпош и ние веќе подолго време бараме стан што веројатно со некаков кредит ќе го плаќам до крајот на животот. Соња е заљубена во Карпош и не мислиме да ја напуштиме оваа општина затоа што е многу средена, затоа што има многу зеленило, многу е урбана како населба и затоа што градоначалникот сите овие години многу вложува во неа и, можеби најважното, затоа што паркирањето тука е бесплатно.

Што да очекува публиката во понатамошниот тек на Вашата кариера? Има ли простор за уште рецитали како тој што промотивно го изведовте за публиката на „Карпошово културно лето 2013“ на крајот од Вашата авторска вечер?



- Не, не... Уште од моето детство имав сон да застанам еден ден на сцена, да пеам, да свирам... Ете, на таа авторска вечер, на некој начин, го остварив тој сон рецитирајќи покрај мојот другар Ване Ѓоргоски, кој ја пееше песната. Понесен од успехот на песната, од пофалните зборови на некои колеги, роднини, пријатели, во еден момент се запрашав дали не би можел да снимам и друга песна, можеби и цел албум. Кога таа идеја ја споделив со сопругата, таа ми рече дека воопшто не ми е добра замислата. Истото ми го рекоа и некои други пријатели и соработници, така што таму, на таа авторска вечер, завршив таа моја „авантура“. Се разбира, јас продолжувам да пишувам текстови постојано, затоа што јас не можам да не пишувам. Продолжувам да се занимавам и со драматургијата, да пишувам сценарија... Ете, на мојата авторска вечер градоначалникот Јакимовски најави и еден нов проект, кој е во подготовка, една хумористична играна серија којашто ќе се вика „Гром во коприви“ и којашто, според нашите идеи и размислувања, би требало да трае многу епизоди, да биде подолг серијал, кој, се надевам, ќе биде прифатен од македонската публика. Значи, конечно сум исполнет и во поглед на драматургијата и повторно за тоа му благодарам на градоначалникот Јакимовски затоа што во мојот проект препозна квалитетен телевизиски производ кој вреди да биде помогнат и мислам дека со помош на Општина Карпош наскоро ќе почне снимањето на „Гром во коприви“.

Ќе ја заскокоткате ли малку публиката која ја очекува серијата „Гром во коприви“?

- Па „Гром во коприви“ е приказна за еден млад брачен пар на кој му се случува „свекрва“. Ете, тоа е една прилично честа приказна од македонското секојдневие и мислам дека ќе го привлече и ќе го задржи вниманието на нашата публика.

Лилјана Петрушевска-Кочовска

КАРОЛИНА ГИ ШАРМИРАШЕ КАРПОШАНИ

„Крај“, „Штом сакаш“ , Не чувствувам страв“, „Сакај ме“, беа најзвучните хитови со кои Каролина Гочева го одбележа музичкиот спектакл што се одржа на игралиштето „Сокол“. Со нескриена возбуда и со громогласен аплауз, актуелната поп-икона беше пречекана од карпошани на шестото по ред „Карпошово културно лето“. Таа се заблагодари за поканата да учествува на оваа традиционална културна манифестација и упати посебна благодарност до градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, како и до организаторите на овој настан.

Насмеани лица, усни кои се движат пеејќи ги нејзините хитови и танцување во ритамот на музиката, беа дел од вжарената атмосфера што ги зафати карпошани. Освен многубројните обожаватели на игралиштето, активна публика беа и жителите од соседните згради, кои го следеа концертот од своите тераси. Каролина, со својот сценски настап во живо ги изненади сите присутни, пеејќи ги нејзините најнови хитови, како и песните од евровизискиот блок.

- Прекрасно е овде, навистина. Неверојатно е чувството на сцената додека ве гледам како уживате бидејќи и јас уживам. А зошто? Бидејќи се чувствувам како дома – беа зборовите на незаборавната Каролина. Таа додаде дека посакува да учествува и на следното „Карпошово културно лето“ со уште поголема публика и со нови музички остварувања.

М. Г.





СКОКОТЛИВ ХУМОР НА „КУЛТУРНО ЛЕТО 2013“

Смеа до солзи и громогласен аплауз од многубројната публика ја обележаа стендап-вечерта на плоштадот „Педагошка“ во рамките на шестото „Карпошово културно лето“. Стендап-настапот на единствената македонска дама меѓу комичарите, Весна Петрушевска, беше вистинско освежување за публиката. Без влакна на јазикот, во вистинска смисла на зборот, таа допре многу актуелни теми од македонското секојдневие и од социјалниот живот, соодветно загревајќи ја публиката за своите помлади колеги, Бојан Велевски и Ефтим Трајчов-Ѓаурски.

Момчињата, во својот дел од стендап-забавата, се осврнаа и на најактуелната тема од македонскиот социјален живот, политиката, и тоа преку двојната комична алузија „Чекајќи го министерот“.

„Карпошово културно лето 2013“ со комедиските стендап-настапи на ѕвездите од нашата актерска сцена докажа дека организаторот, Општина Карпош, ја остварува својата цел – со програмата за едномесечната манифестација да задоволи што повеќе вкусови од сите популациски групи.

Л. П. К.





КУБА ВО КАРПОШ

Фантастичен жур на отворено приредија Петар Ренцов и „Тумбао салса бенд“, кај Вештачката карпа на кејот на Вардар, на осмата вечер од годинашното „Карпошово културно лето“. Динамичните латински звуци во изведба на Ренцов и на неговата придружба, во извонредната атмосфера покрај Вардар, измамија многу аплауз од бројниот аудиториум. Како што најави познатиот блуз и џез-изведувач на почетокот на вечерта, тој и „Тумбао салса бенд“ навистина успеаја да ја донесат Куба во Карпош, а тоа го потврди и разиграната публика, преполна со насмеани и распеани карпошани. Настапот на Петар Ренцов и на „Тумбао салса бенд“, кои на шестата традиционална културна манифестација донесоа поинаков звук и сензибилитет, ја потврди тенденцијата на Општината, како организатор на „Карпошово културно лето 2013“, да ги задоволи вкусовите на сите жители на Карпош и љубители на културата.

И.Ѓ.

ВЕЧЕР НА МОДЕРНА КЛАСИКА

Две виолини, една виола и едно виолончело, во Амфитеатарот на кејот на Вардар, ги наполнија срцата на карпошани и на љубителите на класичната музика. Четирите прекрасни дами од „Пламенка Трајковска квартет“ со достоинствена елеганција, каква што ѝ прилега на класичната музика, и со доза кореографска динамика извонредно го претставија својот албум „Апасионато“ пред публиката на втората вечер од „Карпошово културно лето 2013“.

Концертот, кој траеше еден и пол час, нежните уметници го почнаа со композицијата што Пламенка ја нарекува „Бас Бах“, а по која следуваше изведба на цела низа познати ремек-дела на класичните автори Јоханес Брамс, Петар Илич Чајковски, Фредерик Шопен, Лудвиг ван Бетовен, Антонио Вивалди... Електронската подлошка на композициите, музичарките вешто ја искомбинираа со звуците на своите гудала, репродуцирајќи прекрасни модерни парчиња класика што влегуваат во сечие уво и целосно реализирајќи ја идејата за доближување на класиката до модерниот слушател.

За репертоарот да биде целосен, дамите од квартетот изведоа и две композиции од македонскиот народен мелос, „Јовано, Јованке“ и „Не си го продавај Коњо чифликот“, а во соло-изведба на Пламенка публиката имаше можност да ги слушне и „Dove l`amore“ на Шер и „Tango“ на Шакира.

Л. П. К.



МУЗИЧКИ ВРЕМЕПЛОВ



Вистинско патување низ времето се случуваше саботната вечер на просторот кај Скејт-паркот покрај Вардар. На карпошовата ретроноќ, познатите диџеј-авторитети разбудија длабоки емоции и сеќавања, особено кај постарите познавачи на добрата музика. Вера Јанковиќ и Драган Б. Костиќ комуницираа со присутните гости преку познатите мелодии од незаборавната диско-ера. Низ звуците на безвременските хитови, тие успеаја да ги спојат различните генерации и пријатно да ги изненадат пребирливите музички карактери. Водени од инстинктот за танцување, исполнетиот подиум се движеше во темпото на песните кои некогаш го допираа врвот на домашните и на светските топ-листи. Освен тоа што го демонстрираа своето раскошно познавање од областа на музиката, Вера и Драган создадоа неповторливо расположение и атмосфера, со кои ја обележаа шеснаесеттата вечер од „Карпошовото културно лето“.

И.Ѓ.

ЗВУЦИ ОД БАЛКАНОТ ОДЕКНУВАА НИЗ КАРПОШ



Музичките виртуози КУД „Пролетер“ од Сараево и маестралниот ансамбл „Зоруле“ од Нови Сад, преку своите инструменти го пренесоа срдечниот дух на Балканот. Плоштадот кај Млечниот ресторан одзвонуваше од прекрасните мелодии на певливите босански севдалинки и од топлиот звук на познатите војводински тамбури на дванаесеттата вечер од „Карпошово културно лето 2013“. Присутните посетители уживаа во незаборавниот настап на босанските и српските легенди на народниот мелос, притоа заборавајќи на времето. А таа благост и бесконечното пространство на познатите панонски рамници, придонесуваа со звукот да се допре до сите срца кои се љубители на нежниот звук на тамбурата. Несомнено, дванаесеттата вечер од „Карпошовото културно лето 2013“ уште долго ќе се памети и зборува.

И.Ѓ.





ФИЛМСКА И ДЕГУСТАТОРСКА ВЕЧЕР

„Салата Македонија“, составена од најразлични овошни плодови, беше инспирација за еден германски новинар да сними документарен филм, кој беше прикажан во рамките на шестото „Карпошово културно лето“ на платото „Лептокарија“. Присутните, со бурни овации го означија крајот на проекцијата, очигледно задоволни од она што беше прикажано. Режисерот Оливер Ромевски, низ метафоричен филмски израз, ја споредува салатата „Македонија“ со народот кој живее во нашата земја. Во неа, различните националности, вери и култури се есенцијални состојки. Тавче гравче, полнети пиперки, сарми и многу други традиционални македонски јадења, беа одлична закуска за големите гурмани по прикажувањето на филмот.

Карпошани, на единаесеттата вечер од годинашното културно лето, освен со прекрасната едночасовна проекција и дегустаторскиот дел, се освежија и со етнозвуците кои се карактеристичен белег за нашето поднебје.

И.Ѓ.

ДИНАМИЧНО РОКЕНРОЛ-ИЗНЕНАДУВАЊЕ

Платото „Лептокарија“ ечеше од рок-звуците на познатата пејачка Кристина Арнаудова на шестата ноќ од „Карпошово културно лето 2013“. Нејзиното 15-годишно успешно егзистирање на музичката сцена беше потврдено од многубројната публика, која се забавуваше во ритамот на нејзините хитови. Со својот настап, рокенрол-дивата создаде незаборавна атмосфера, во која љубителите на гитарската музика уживаа до последен миг. За настанот да биде целосен, освежување за карпошовата публика беа Никица и Лаура, кои својата вечер на кавер-музика ја исполнија со рок и поп-евергрини, како и со познати песни од светската сцена.

М.Г.





ПОДГОТОВКИ ЗА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Изминатиот месец им беше посветен на училиштата и на стремежот тие подготвени да ги дочекаат своите најмили, учениците. Затоа се работеше на уредување и обновување на просториите на училиштата, за на децата престојот таму да им биде што попријатен. Сепак, се работеше и на други инфраструктурни зафати...



Партерното уредување и изградбата на патека од павер-елементи на втората барака во ООУ „Лазо Трповски“ во Карпош 3 ги изведе „СМ компани“.



Внатрешната санација на спортската сала на ООУ „Војдан Чернодрински“ во урбаната заедница Владо Тасевски ја реализира „Мастеф“.






Санацијата на гардеробите, санитарните јазли и училишната спортска сала во ООУ „Јан Амос Коменски“ во Тафталиџе 1 ја спроведе „Боки МГ инженеринг“.



Заштитната ограда во ООУ „Вера Циривири-Трена“ ја изведе „Мастеф“.



Изградбата на паркиралиштето на улицата Гиго Михајловски, зад зградата на улица Руѓер Бошковиќ бр.1, во Карпош 1, со површина од 600 квадратни метри, ја изведе „Аполо инженеринг“.



На кејот на Вардар, на потегот од Скејт-паркот до мостот Обединети нации, фирмата „Елтра“ замени 40 светилки и исто толку придушници и игнитори. Во тек е замената на светилките на потегот од Скејт-паркот до хотелот „Александар палас“.



Истражувачка станица Петница – Србија

ИМПЕРИЈА ОД МЛАДОСТ И ЕНТУЗИЈАЗАМ

Вистинска привилегија е да се биде во друштво со млади луѓе кои во безвременски простор ги остваруваат своите идеи и полека, ама сигурно влегуваат во светот на науката. Но, некој требало да им го овозможи тоа...

НЕКОГАШ, А ДЕНЕС

Во изминатите триесетина години колку што постои, ова ми беше, можеби, десетта посета на Истражувачката станица Петница, која се наоѓа на 7 км од Ваљево во Србија. Замислена е како место каде ќе престојуваат млади луѓе, на кои училишните клупи и амфитеатрите не им се доволни за да ги заситат нивната љубопитност и желбата за истражување. Се сеќавам кога првпат, пред околу 25 години, во Петница, на покана на нејзиниот основач и сè уште актуелен директор Вигор Мајиќ, таа беше сместена во една запуштена зграда на селското училиште. Преку неа Вигор и неговите истомисленици Жак, Срле и други, сакаа работата со младите истражувачи која во тоа време ја организиравме само преку летни истражувачки акции да ја продолжат во текот на целата година. Тогаш, прошетавме и до Петничката пештера, која се наоѓаше на неколку минути од станицата. Денес, пештерата си е сè уште пештера, а од старата училишна зграда немаше никаква трага. На нејзино место изникнале модерни објекти во кои младите од Србија, но и пошироко, на еден непосреден и уникатен начин се „инфицираат“ со науката и со истражувањето. Многу пристојните услови за сместување, модерната кујна и пребогатата библиотека и медиатека, се само поддршка на супермодерните лаборатории, во кои младите денонoќно грабаат нови искуства бајќи ја својата идна професија. Со секое мое доаѓање гледав како Петница расте и се развива и изгледа „квасецот“ е најважната работа. Се прашувам што ли ново ќе видам кога ќе дојдам следниот пат? Има ли некаков краен дострел во желбата да се собираат мотивирани млади и да се создаваат трајни вредности? Се надевам, не. Се надевам дека и следниот пат ќе видам нови модерни апарати и инструменти, а ќе го почувствувам истиот ентузијазам од кој сега не можете никако да се оттргнете. Но, Петница не е само гнездо на младешкиот ентузијазам и љубопитство. Покрај 60-те илјади млади кои во овие години поминале низ програмите на Петница, во неа престојувале и стотици наставници кои низ Петница добивале нови идеи како да ја унапредат наставата и како да ги мотивираат своите ученици да дојдат и да бидат дел од Петница.

ДУШАТА НА ПЕТНИЦА

Овојпат на гости во Петница бев со мојот колега и пријател Мекдоналд Вик и со неговата сопруга Шерил, професор на Државниот универзитет Охајо каде што една година и јас предавав. Бевме поканети да ги споделиме нашите животни и истражувачки приказни со младите и мудри глави од програмите за биологија и биомедицина. Уште неоставени ранците, сосе нив отидовме да ги посетиме по лабораториите во кои вредно и посветено си ги остваруваа своите истражувачки соништа. Уште таму видовме дека ѓаволот ја избркал шегата овде. Овие деца не си играат, тие сериозно се занимаваат со наука, а на сериозноста може да им позавидат многу „вистински“ научници. Скромни, посветени, ги гле-

даме како одат низ лабораториите со своите истражувачки алатки, разговараат меѓу себе за тоа што работат. Едноставно, нема место за други муабети. Наши водичи низ лабораториите беа инструкторите кои, пред сè, се деца на Петница, а сега се успешни млади научници од Винча и од Универзитетот во Белград. Млади луѓе кои импресионираат со своите знаења и вештини, но и со својата отвореност кон младите истражувачи. Позитивно шокирани од тоа што го видовме, се договоривме малку подоцна да се видиме и да си ги споделиме приказните. Притоа доживеавме уште еден шок. Како швајцарски часовници речиси сите стигнаа во еден момент. За оваа цел не ни требаа никакви технички помагала како компјутери, проектори, табли, ама баш ништо. Требаше да си седнеме едни наспрема други и да си кажеме кој што има. А овие деца, богами, имаа што да кажат. Со перфектен англиски, бистра мисла и младешка енергија, тие зборуваа за своите идеи, за проблемите во нивната реализација, но и за нивните достигнувања. Со Мек имавме впечаток како да се наоѓаме на еминентен научен собир, на кој сериозни научници ги презентираат своите откритија. Откако и ние ги раскажавме своите истражувачки предизвици, почнаа да нè бомбардираат со прашања. Како почнавте да се занимавате со наука, со која дисциплина би се занимавале сега, која е најпопуларна дисцилина моментално во светот итн. Час и половина поминаа како река. Брзо и неповратно. Но тоа не беше крај. На вечерата приоѓаа некои од нив барајќи решенија за нивните научни загатки, а светлата во лабораториите светеа и по полноќ додека со нашите домаќини разговаравме за Петница.

ПС: Сакам да изразам благодарност до градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој ни овозможи да одиме и да го доживееме ова за што досега читавте, со надеж дека еден ден и во нашиот Карпош ќе никне некоја наша Петница.

Проф. д-р Зоран Т. Поповски

ПНЕВМАТЦИТЕ - ОСНОВА НА СИГУРНОСТА И КОМФОРОТ НА СЕКОЕ ВОЗИЛО

Еден од клучните елементи за безбедно возење се вистинските и исправни пневматици. Пред патување или барем еднаш месечно, задолжително треба да се направи проверка на автомобилот и на општата техничка состојба на пневматиците. Високите или ниските температури и големите релации за возење се едни од клучните фактори зошто е неопходно да се направи вистински избор на летни или зимски пневматици.

Со почетокот на летната сезона, се препорачува промена на зимските со летни пневматици бидејќи перформансите на зимските пневматици не дозволуваат нивно користење на температура повисока од 8 степени, пред сè поради сигурноста при возењето и нарушувањето на стабилноста на возилото. Обратно, штом температурите ќе се намалат и ќе паднат под 8 степени, во зимските месеци, се препорачува промена на летните со зимски пневматици.


Неизбалансирани пневматици може да доведат до вибрации на воланот и на целото возило воопшто, со што може да дојде до оштетување на предниот трап, осовините, лагерите и ред други делови на самото подвозје од автомобилот.

Затоа, посветете му на вашиот автомобил само еден час должно внимание и посетете некој од сервисите опремени со најсофистицирани апарати, калибрирани по најнови европски стандарди, каде се нуди врвна, квалитетна услуга и брз сервис за контрола и промена на делови од системот за управување и подвозјето на автомобилите.

Токму такви сервисно-продажни салони поседува „Мотоцентар“. Со најсовремени машини за монтажа и демонтажа на пневматици се опремени специјализираните продажно-сервисни салони на овој бренд од кои два се лоцирани во Општина Карпош и тоа на Качанички пат (во Момин Поток), во населба Нерези (наспроти фабриката „Реплек“), каде што може да добиете услуга и пневматици од најреномираните брендови Michelin, Continental, Nokian, General tire, Sportiva, Kormoran, Bridgestone, Firestone, Dayton, Semperit Barum, Mitas. Годинава „Мотоцентар“ го отвори петтиот по ред продажно-сервисен салон на булевар Србија 10 – на самиот кружниот тек пред скопска Цементарница. Салонот е опремен со најсовремени машини, со кои се овозможува соодветен третман на сите видови пневматици – како за патнички, така и за товарни возила и камиони. Продажно-сервисните салони на „Мотоцентар“ имаат работно време од понеделник до петок од 8 до 19 часот и сабота од 8 до 16 часот.



Продажно сервисен ЦЕНТАР
Момин Поток бб, Скопје
(Качанички пат)
тел: +389 2 3095 777



Продажно сервисен ЦЕНТАР
населба Нерези, Скопје
(спроти ф-ка Реплек)
тел: +389 2 3080 009

УЧИЛИШТАТА ИМ ПОСАКАА ДОБРЕДОЈДЕ НА 580 ПРВАЧИЊА

Околу 580 дечиња од Карпош на втори септември годинава првпат тргнаа в училиште. На сите ним, Општината, на традиционалната манифестација на игралиштето „Сокол“, им даде подарок за да ги мотивира за работа и за да го одбележи овој, за нив, значаен ден. Општинскиот татко, Стевчо Јакимовски, на пригоден начин ги поздрави првачињата и им посака успешен почеток на школувањето.

- Искрено се надевам дека еден или една од вас, ученици на Карпош, ќе биде иден премиер, претседател, министер, писател, уметник, добар инженер, лекар или, можеби, некој нобеловец. Ние правиме сè за нашите ученици да бидат што е можно позадоволни, да работат во што подобри услови. Не случајно најголем е притисокот за запишување ученици токму во Карпош, но никој нека не се лути поради спроведувањето на реонизацијата зашто она што го плаќаат нашите граѓани, ние сметаме дека треба да го трошиме на нашите ученици и на нивното образование – рече градоначалникот Јакимовски.



Основните училишта во Општина Карпош и годинава се целосно подготвени за почетокот на учебната 2013/14 година. Бидејќи минатата година беа завршени големите реконструктивни зафати во сите 10 училишта во општината, пред почетокот на оваа учебна година беа спроведени некои помали корекции и обновувања, како молерисувањето во училиштето „Јан Амос Коменски“, оградувањето на училиштата „Владо Тасевски“ и „Вера Циривири-Трена“ итн.

- Имаме одлични просторни услови за работа, а опремата е на завидно ниво, па можеме успешно да ја почнеме учебната година. Годинава се запишаа околу 580 првоодделенчиња во сите 10 училишта во Општина Карпош – ни објасни Мирјана Поповска од Одделението за образование при Општина Карпош.

И.Ѓ.



ГОДИШНИНА НА ПРВИОТ СКОПСКИ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД

Во чест на 72. годишнина од формирањето на Првиот скопски партизански одред, околу 80 борци и продолжувачи на традициите од НОАВМ од Општина Карпош оддадоа почит пред спомен-обележјето во Карпош 3. На чинот на чествувањето на Одредот беше положено свежо цвеќе од повеќе делегации и поединци, меѓу кои: на Кабинетот на градоначалникот на Општина Карпош, советничката група на СНСМ, делегација на СДСМ, СБМ, Општинскиот одбор на борците, Организацијата на жени на Карпош и други. Свеченоста ја отвори Благоја Цветановски, член на Претседателството на Општинскиот одбор на СБМ Карпош, а со пригоден говор пред присутните се обрати д-р Трајко Стаматовски, претседател на Градскиот одбор на СБМ. Тој во оваа пригода ја нагласи храброста и слободарскиот дух на 35-те младинци кои во окупирана Македонија одлучија со оружје да се спротивстават на фашистичките окупатори. Активностите на ова достоинствено чествување меѓу другите ги следеа претседателот и потпретседателите на Главниот одбор СЗБ на НОАВМ, генерал во пензија Тодор Атанасовски, Евзи Мемети и Вера Бунтеска.

М.Г.

ПЕСНИ ОД НАШИТЕ МЛАДИ ПОЕТИ

Деновиве од печат излезе четвртата антологиска збирка на селектирани песни на млади поети од цел свет на англиски јазик, меѓу кои и песните на наши ученици од ООУ „Владо Тасевски“, наградени со признание за креативни творби. Книгите се насловени „Моќта на поезијата“, „Мојата прекрасна мајка“, „Детективска поезија“ и „Мојата прва песничка“. Во пишувањето песни учествуваа талентирани ученици од различна возраст од одделенска и предметна настава, со насоки и придружба на наставничката ментор Виолета Панев. Менторокатa за овој проект објаснува дека примарна цел е да се поттикнат децата во творештвото и креативноста на пишувањето.

И.М.



ПАРИСКО СВЕТЛО ЗА НАШИ УМЕТНИЦИ

Во јули, во градот на светлината, Париз, двајца наши врвни академски уметници од Карпош, Сашо Саздовски и Пандора Апостолоска-Саздовска, блеснаа со своите уметнички дела и освоија две престижни награди. На Меѓународниот конкурс за фотографија, сликарство, илустрација и скулптура, проект на Европската Унија, тие аплицираа со две свои дела и освоија едно прво место за најдобра скулптура (авторство на Сашо Саздовски) и за колаж-сликарство (делото на Пандора Апостолоска-Саздовска).



Овој млад брачен пар, врвни уметници од Карпош, аплицираа со скулптурата од мермер и од килибар, на тема „Заедно во хармонија“ која ја креираше Сашо Саздовски и која е дел од неговиот циклус „Фамилија“, а со која го освои првото место на меѓународниот конкурс, како и со колажите на тема „Јас сум ти, ти си јас“ на Пандора Апостолоска-Саздовска, со кои, таа го освои третото место.

Тричленото жири, составено од галеристката Жан Касарил, директорот на француското радио Жан Жерар-Робише и графичкиот дизајнер, фотограф и научник Матиас Орместад, од 400 пристигнати апликации од врвни уметници од Европа доделија 12 награди, меѓу кои, првото за скулптура и третото место за сликарство на нашите успешни креативци, за нивното врвно творештво.

Во познатата и престижна улица на галеристи, во Галери ди Коломбие, за сите љубители на врвната уметност, нивните дела беа изложени од 22 јули до 3 август.

Амбасадорката на култура Лиза Сахертијан, во името на проектот на Европската Унија „Град на културата УМЕА-2014, Европски град на културата“, им ги врачи наградите на нашите уметници, кои со тоа стекнаа право нивните дела да бидат изложени следната 2014 година во Умеа (Шведска)-европскиот град на културата и центар на културните настани и творештво во Европа.

В. Цветковска

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

СКАРА БАР
ГОСТИЛНИЦА

ENRIKO
pizza & pasta

Giovani
LOUNGE RESTAURANT

Стефано-97
stefano@mol.com.mk
www.stefano-97.com.mk
Партизански одреди 119
1000 Скопје Македонија
тел. 02 3064 558
факс. 02 3064 574

KTM
BIKE INDUSTRIES





THULE
SWEDEN

LAPLAST-M
Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (02) 3097 007
Факс: +389 (02) 3095 800
www.laplast-m.com.mk

CIKLAMA
Engeneering
Битуменски хидроизолации од INDEX Италија
Целокупна програма на ISOMAT од Грација
ДПТУГ Ciklama engeneering - Гостивар
тел/факс: 042/ 217 - 445
тел/факс: 02/ 3067 - 610
www.ciklama.com.mk
e-mail:contact@ciklama.com.mk

ЛАВ КОМЕРЦ
ЛАМИНАТИ · ПАРКЕТИ · ЕГЗОТИЧНИ ПОДОВИ
Скопје ул. Кленоец 16 тел/факс: 00389 2 30 74 278
Струмица ул. Младинска 111 тел/факс: 00389 34 343 741
e-mail: info@lavkomerc.mk - web: www.lavkomerc.mk



digit computer engineering
Тел: +389 2 3093393
www.digit.net.mk

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА

MTD
Тел. 02/ 3063 286 - Тафталиџе
www.feroelektro.mk

- ЕЛЕКТРИЧНИ И БЕНЗИНСКИ КОСИЛКИ
- ПРСКАЛКИ ЗА ТРЕВА
- ТРАКТОР КОСИЛКИ
- БАЗЕНИ INTEX





Post Moderna

ArtAquA
OPREMA ZA KUPATILA

Moskovska 24 lok. 1 -1000 Skopje Macedonia
Phone ++389 (0)2 3075 900 Fax:++389 (0)2 3075 901
Mobil: ++389 (0)70 322 900
e-mail:info@artaqua.com.mk www.artaqua.com.mk

Стоматолошка естетска ординација
Diamond Dental
10 - 20%
УБАВАТА ДИЈАМАНТСКА НАСМЕВКА
НЕКА СТАНЕ ВАШ ЗАШТИТЕН ЗНАК
Букурешка 2/1-1 075/ 884 - 599
Карпош -Тафталиџе dentalsdiamond@gmail.com

Овозможува пријатни мигови на уживање
во исклучително добра храна, одбрани вина,
врвна услуга, тивка музика, ексклузивен ентериер
РЕСТОРАН Ден и Ноќ
Адреса: ул. Скупи бр.1 Тел: 02/ 3096 096
email: restoran@deninok.com.mk Факс: 02/ 3095 666

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ
ЕКО - ОДГОВОРНОСТ
ЕУРО - ЕКОПАК ДОО
Систем за одржлив развој
тел/факс: 02/6138 - 390
info@euroekopak.mk
www.euroekopak.mk

КЕТЕРИНГ СОФРА
Секаков вид на кетеринг домашен, за прослави, детски родендени...
Никола Парапунов лок 21/22 Т.Ц. Карпош 4, Скопје
Тел: 078 228 - 193

orion licht
ORION SVETLINA
Ние не продаваме светлина, ние продавме атмосфера
Тел. 02/3094 - 763; 070/555 - 955; 071/309 - 803
ул. Московска бр. 24 (спроти студентски дом „Г. Делчев“)
E-mail: orsvetlo@freemail.com.mk; gjorgig@hotmail.com

RACE PLACE
Closest to reality
Skopje City Mall - втор кат, Скопје
Тел. +389 (0)2 3100 271
Е-пошта: contact@raceplace.mk

Од проект до реализација
SDI ПЛАКАРИ
SDI plus
Е-маил: info@sdiplakari.com.mk
Адреса: 11-ти Октомври 86 лок.7
Тел:+ 389 2 32 33 077
Веб: www.sdiplakari.com.mk

TIVES®
italian style
T.C. Leptokarija Tel. +389 (2) 61 31 250
ul. Nikola Rusinski 3b lok 15 www.tives.com.mk

ПРОДАЖБА НА ГОЛЕМО И МАЛО
РИТАМ ТРЕЈД
Д.О.О УВОЗ - ИЗВОЗ
центар за сува градба
ЛАМИНАТИ
ТРОСЛОЕН ПАРКЕТ
ПВЦ ЛАЈСНИ
ГИПС КАРТОН
ПРОФИЛИ И ПРИБОР ЗА СУВА ГРАДБА
ЛЕКСАН - ПОЛИКАРБОНАТНИ ПЛОЧИ
СПУШТЕНИ ПЛАФОНИ
ФАСАДНИ СИСТЕМИ
Тел:02/ 2040 - 572; 075/ 423 - 034
Адреса: ул. Женевска бр.3
www. ritamtrejd.com.mk




Меѓународен акварелен симпозиум

МАКЕДОНИЈА Е ИНСПИРАЦИЈА

Миломирка Петровиќ Ѓокиќ од Србија, Сања Прибиќ од Хрватска, Саадет Гозде од Турција, Ендре Пеновац од Србија, Ана Кондадо Хаен и Росана Соријано Поло од Шпанија, Здравко Круљ од Србија, Наталија Заложнаја од Белгија, Едита Кадриќ од Босна и Херцеговина, Таки Павловски, Павле Кузмановски, Томе Мишев, Агрон Салиу, Милан Андов, Мухамед Идризи, Ставре Димитров – Стадим, Доне Милјановски и Пандора Апостолоска - Саздовска од Македонија, беа дел од четвртиот „Меѓународен акварелен симпозиум“ што се одржа од 14 до 24 август во организација на Општина Карпош. На овој десетдневен настан што Општината го организира за да ја промовира акварелната техника, уметници од целиот свет и од Македонија ги работеа своите дела во комплетен мир и во услови какви што самите посакаа, а за учеството добија и благодарници од Општина Карпош, што им ги врачи Горан Михајлов, претседател на Комисијата за култура при Советот на Општина Карпош.

За впечатоците од симпозиумот и од неговата организација ги прашавме токму уметниците.



Сања Прибиќ


Ова ми е трето доаѓање во Македонија, а на овој симпозиум доаѓам вторпат. Вашата земја е навистина инспиративна, волшебна. Сум била во Кратово, Мавровo, Куклице и природата тука е навистина многу убава, но, она што е најубаво, е дружбата со луѓето, со колегите, гостољубивоста и неверојатната топлина на нашите домаќини. Ова е многу добар симпозиум, слободно можам да речам богат настан, за кој веќе се знае во светот на уметниците, зашто ние, кои учествуваме на него, го ширириме нашиот впечаток, а тој, се разбира, е позитивен. Јас сум многу задоволна, со радост се одзвав на поканата за учество и мислам дека и колегите го делат тој впечаток.

АУДИО-ВИЗУЕЛНО СОВРШЕНСТВО

Волшебната комбинација од клавијатурите на Симон, бас-гитарата на Џоле Максимовски и енергичниот ритам од тапаните на Александар Ванчовски создаде незаборавно контемплативно музичко доживување. Искуството, кое само присутните посетители можат да го опишат, и задоволство, кое се читаше од нивните лица, ја окарактеризираа деветтата вечер од „Карпошово културно лето 2013“. Плоштадот кај Млечниот ресторан наликуваше на мал „Монмартр“, исполнет со врвни акварелни остварувања на повеќе од 40 светски уметнички имиња. Сублиматот од ликовната вештина се преточи во посебна изложба како резултат на десетдневниот Меѓународен акварелен симпозиум.



Ендре Пеновац



Во Македонија сум доаѓал и претходно, но во Карпош сум првпат. Оваа земја е преполна со инспирација, а јас сакам да ги искористам мотивите што ми се дадени, значи сакам да го насликам токму тоа што го гледам. Не ја носам инспирацијата од дома, туку ја доживувам таму каде што сум. Всушност, организацијата на овој симпозиум предвидува толку богата програма што веројатно ќе треба да избирам од повеќе мотиви кои ми се нудат речиси на секој чекор. Навистина ми е чест што сум тука.









Росана Соријано Поло

Првпат сум во Македонија и иако сум кратко тука, навистина е убаво. Пејзажите се прекрасни и многу инспиративни. Сè уште не го познавам градот, но од она што го видов, презадоволна сум. Црквите, нивните фрескописи, се многу интересни и боите се извонредни. Јас сликам урбани пејзажи и овде навистина има избор за моите слики. Организацијата на симпозиумот е на врвно ниво и луѓето се навистина пријатни, а програмата е многу динамична.

Миломирка Петровиќ Ѓокиќ



Првпат сум во Македонија во работна смисла, иако сум доаѓала и порано. Вашата земја е навистина инспиративна, пејзажите се диви, нескротени и мене тоа ми одговара. Веќе нешто работев, но ми недостига самотија за да се концентрирам на работата. Организацијата е фантастична, програмата е доста исполнета, така што, иако само неколку дена сум тука, ми се чини како да сум подолго време во Македонија. Се надевам дека овој симпозиум и понатаму ќе се одржува и дека ќе ја имам повторно честа да бидам дел од него.

КЛАСИКА И СЛИКАРСТВО ЗА ЦЕЛОСНО УЖИВАЊЕ

Три елегантни девојки, нивните три гудала и четири жици, на платото „Лептокарија“ обезбедија волшепство во кое уживаа многу карпошани и љубители на класичната музика. Триото „Фор стрингс“, составено од Олгица Здравковска, Алберта Доко и Љупка Манчевска, реализираше одличен настап како подлошка да се ужива во делата на врвните сликари, учесници на Дневниот ликовен настан. Сликите од овој традиционален настан што го организира Општина Карпош, изложени на платото „Лептокарија“, имаа цел на присутните да им подарат и визуелно задоволство, покрај фантастичната музика.



КАРПОШ ГО САКА БЛУЗОТ НА „ГУРУ ХАРЕ“

Многубројна публика, громогласен аплауз и многу задоволни лица, беа дел од атмосферата на настапот на фантастичниот блуз-бенд „Гуру Харе“ во рамките на „Карпошово културно лето 2013“. Платото „Лептокарија“ беше преполно со обожаватели на џез, блуз и на рок-музиката на оваа позната група, а уметничкото дело на платно што рацете на карпошанката Касиопеја Наумовска го насликаа инспирирани од џез-звуците, беа незаборавна глетка за присутните.





Ана Кондадо Хаен

Во Македонија за мене има инспирација на секој чекор, во луѓето, во уметноста, во пејзажите. Овде многу ми се допаѓа и организацијата на симпозиумот е на многу високо ниво. Извонредно се однесуваат со нас, ни помагаат во секој момент и на секој можен начин, можеме да работиме опуштено. Во принцип, се инспирирам од водата, од нејзината боја, но, овде човек може да се инспирира од сè, па моментот ќе одлучи за тоа што ќе насликам.



Саадет Гозде

Првпат сум во Македонија и навистина ми е убаво и инспиративно овде. Инспирација пронаоѓам во луѓето, културата, времето, пејзажот, природата, архитектурата, речиси во сè. Овој симпозиум е навистина добра можност да се запознае поинаква култура, да се сретнат други луѓе, да се смени мислење и да се соработува.

Карпош Урбан



Необичното хоби на Борис Атанасовски

ТЕХНИЧАРЧЕ СО СТРАСТ ЗА РАКЕТИ



Осмоодделенецот Борис Атанасовски, ученик во ООУ „Владо Тасевски“ - Карпош, на Државната смотра на млади техничари и природници, што годинава се одржа во Пробиштип, го освои првото место на натпреварот за ракетно моделарство. Тој е одличен ученик, а за себе вели дека особено го интересира математиката и дека неговото необично хоби, ракетното моделарство, ќе остане само тоа - хоби.

- Кога ќе пораснам сакам да бидам инженер, електротехничар или машинист – вели Борис и додава дека не се гледа себеси како некој што би проектирал вистинска ракета.

Во неговиот дом, насекаде е забележливо присуството на неговата необична страст. Авиончиња, модели на ракети, едрилици и други летала има речиси во секој агол. Ова, се разбира, е негова заслуга, но и на неговиот татко, Зоран Атанасовски, кој е главниот „виновник“ што Борис има ваков необичен интерес. Тој е светски првак во ракетно моделарство и на својот син грижливо му ја пренел љубовта кон необичната вештина.

- Татко му го научи како да ги составува ракетите. Се разбира, мора и да сакаш да го правиш тоа зашто бара трпение, размислување, пресметки и така натаму – објаснува мајката на Борис, Олга Атанасовска.

Како дванаесетгодишник, Борис вели дека го интересираат и други работи, па свири на виолина, игра кошарка, плива, скија, сака велосипедизам. Сепак, ракетното моделарство е нешто поинакво, тоа е вештина на трпеливите, на внимателните, на смирените...

- Секоја ракета мора да има стабилизатори од балзамирано дрво, телото се изработува од хартија, но има и делови од пластика, а покрај тоа мора да има и падобран за забавување при слетување, стример и жирикоптер – со внимание и со посветеност ни објаснува Борис. Вели дека за еден модел на ракета да биде успешен, треба, се разбира, и да лета. Затоа на Државната смотра на млади техничари и природници бил оценуван и летот на моделите. Покрај на ова натпреварување Борис учествувал и на ред други конкурси од овој тип, како што е Градската смотра на млади техничари и природници, на која годинава исто така беше првонаграден, и Светскиот куп во ракетно моделарство, на кој учествувал трипати.

- Секоја година се одржуваат дваесетина натпреварувања од Светскиот куп во ракетно моделарство, а моја најголема желба е еден ден и јас, како татко ми, да бидам победник на тој натпревар – со ентузијазам завршува Борис.

Л. Петрушевска-Кочовска

HOTEL MRAMOR®
HOME AWAY FROM HOME®
тел/факс: +389 2/2044 - 528; gsm: +389 70/78 226 - 663
11 Кленоец - 1000 Скопје, Р. Македонија
info@mramor.com.mk
PLEASE VISIT OUR WEBSITE: WWW.HOTELMRAMOR.COM

Нашата Општина како професионален предизвик

СТРАНСКИ ПРАКТИКАНТИ НА „НАДГРАДБА“ ВО КАРПОШ

Мартин Баник од Словачка и Хуан Антонио Лопез де Вергара Фуертес од Шпанија, се „жители“ на Општина Карпош веќе еден месец. Овие двајца студенти, благодарение на програмата на ИАЕСТЕ (Меѓународна асоцијација за размена на студенти од техничките факултети), во Општината стекнуваат искуство во својата област на едукација. Нашата Општина, освен што им обезбедува платено работно место на кое тие ги усовршуваат своите познавања и способности, исто така им обезбедува и сместување.

- Овде животот е навистина поинаков од кај нас во Шпанија. Не подобар или полош, туку сосема поинаков – ги споделува со нас своите впечатоци за Карпош Хуан Антонио, за кој, нашата Општина обезбеди работно место за практично усовршување во Секторот за уредување на градежното земјиште и комунални работи.

Тој има 22 години и студира градежништво, а потесна специјалност му е ниската градба и инфраструктура. Вели дека немал очекувања во поглед на практичната работа овде, во Општина Карпош, но дека е апсолутно многу задоволен од тоа што го научил од своите македонски колеги и претпоставени во Секторот за уредување на градежното земјиште и комунални работи.

Словакот Мартин Баник, пак, кој има 25 години и студира информатички технологии, во Општина Карпош дошол за практично да ги усовршува своите знаења во Секторот за информатичка технологија.

- Овде бев соработник на неколку проекти и навистина беше интересно да се работи во ваква средина, во институција. Мислам дека научив многу нови работи кои не се застапени во теоретскиот дел од студирањето. Приемот на колегите беше навистина на завидно ниво и јас сум им многу благодарен за сè што научив од нив – вели Мартин.

Нему му се допаднал ноќниот живот овде, во Карпош, и задоволен е од дружбата со своите врсници и соработници.

- Ми се допаѓаат кафулињата и ресторанте во Карпош. Навистина има многу места каде може еден странец, еден студент, да се почувствува добредојден и љубезно пречекан – е впечатокот на Мартин.

Нашите гости-студенти се согласуваат дека доаѓањето во општина Карпош за нив било навистина добро искуство, кое ќе им послужи да ги надградат своите знаења и да напредуваат понатаму во студирањето.

- Ова искуство, исто така, ќе ни овозможи и полесно да најдеме работа зашто, се разбира, искуството да се работи во една институција како што е Општина Карпош и во која било друга организација или фирма, нема иста тежина и исто значење – согласни се Мартин и Хуан Антонио.

Л.П.К.



Како да ги намалите тремата и стресот кај првачињата?




Поаѓањето во прво одделение е важен настан во сечие детство и претставува голема промена за детето и за родителите. Потрудете се детето да го подготвите да ги прифати новите одговорности и да се прилагоди на новата средина и обврските. Најважно е детето да го прифати училиштето уште на самиот почеток како место каде што ќе може да стекнува нови знаења и нови пријатели.

1. За да го постигнете тоа, навреме и постепено воведете ритам кој одговара на навиките на вашето дете и кој ќе му помогне полесно да се вклучи во училишните обврски. Легнувањето порано во вечерните часови и станувањето рано наутро е првата работа што треба да се примени за детето да изгради добра навика. Привикнете го детето пред вечерното спиење да ја подготвува облеката за следниот ден. Укинете го долгото протегање и лежење в кревет, како и појадокот во пижами. Кога ќе се навикне на овој ритам, полесно ќе можете во распоредот да ги додадете учењето, пишувањето домашните задачи и секојдневната подготовка на училишниот ранец за следниот ден.
2. Научете го детето на самостојност. Треба да знае само да се облекува, да врзува врвки, да облекува јакна, да става капа...
3. Научете го на основните навики за хигиена. Да оди само во тоалет, да измие раце потоа или пред јадење...
4. Детето пред да појде во училиште треба да го види школото во кое ќе учи. Немојте да го плашите детето со учителката. Многу е важно пред детето да пренесете позитивното мислење за школото и да не ги покажувате своите дилеми и стравови.
5. Ако детето само оди на училиште, потрудете се да го извежбате патот до училиште. Научете го да користи клуч и како да го чува додека е на училиште. Треба да ја знае адресата на живеење и телефонските броеви на родителите.
6. И, на крајот, поттикнете го детето да биде гордо што ќе биде прваче.

Како да го одберете училишниот ранец за вашето дете?

Училишната торба е симбол на одење на училиште и останува во вашата меморија за цел живот. При купување на училишниот ранец, обрнете внимание на следново:

- училишниот ранец треба да има две широки прерамки кои треба да бидат поставени на рамената на детето, за да може тежината која ќе ја носи на грбот, да биде подеднакво распоредена. На овој начин, најмалку се оштетува рбетот. Покрај тоа, двете прерамки треба да бидат меки и обложени со сунѓер, за да се намали притисокот на рамената на детето. Треба да има опција да се затегнат или попуштат по потреба.
- Училишниот ранец, исто така, треба да одговара на висината на детето. Не е добро да купите поголема торба, за да може детето да ја носи и следната година. Големината на ранецот треба да се прилагоди на структурата на детето, а тежиштето треба да биде во долниот дел на грбот и карлицата за да се ослободат од тежина, ’рбетот и рамениците.
- Ранецот треба да има посебни прегради во кои детето може да си ја стави ужинката, клучевите од стан и мобилниот телефон (ако му дозволите да го носи в училиште). Преградите треба да бидат поставени правилно за да може детето само да си ги подготвува своите работи за на училиште.
- Немојте да купувате тежок ранец. Полниот ранец не треба да биде потежок од 10 проценти од тежината на детето.
- Носете го детето со Вас кога ќе го купувате училишниот ранец за да бидете сигурни дека ќе одговара на неговата големина. Најважно е детето да го одбере ранецот според својот вкус и според трендот, кој тешко можат да го разберат возрасните.
- Пред да тргнете во „потрага“ по најубавиот ранец, разговарајте со своето дете за неговите или нејзините желби, но искажете ги и своите ставови за некои важни прашања поврзани со изборот на училишниот ранец. Детето ја одбира бојата и сликата на ранецот, а вие ја бирате големината и формата.
- Цената е исто така важен фактор. Ако вашиот буџет е ограничен, ставете му до знаење на вашето дете дека постојат граници. Ова ќе ви помогне да ја намалите можноста од создавање на непријатни ситуации во продавниците.



Правилно носење на училишниот ранец!

Детето треба да научи правилно да го носи училишниот ранец. Тежината што ја носат децата секојдневно на својот грб е една од најчестите причини за појава на деформитет на ’рбетот и оштетувања на мускулите околу него.

Педијатрите предупредуваат дека детето не смее да носи тежина поголема од 10 проценти од својата телесна тежина.

Анета Манчевска

Запис за егзотичниот рај на семејството Гиеви

ЈАПОНСКИ ДВОР ВО ТАФТАЛИЦЕ

Хортикултурата во Тафталице 2 има пристојна традиција, особено во дворовите на семејните куќи од обете страни на улицата Женевска. Но, нема сомнеж дека родоначалници на тој култивиран однос кон животниот простор се Вики и Борче Гиеви, чија вистинска рајска градина наскоро ќе го прослави 40-тиот роденден. Досега, тоа несекојдневно катче од дваесетина квадратни метри, им било достапно само на нивните роднини и пријатели, бидејќи, како што ни рекоа, го создавале за своја душа и без намера да се покажуваат и да се натпреваруваат со љубителите на егзотични растенија.

На идеја, својата јапонска бонсаи-градина да им ја претстават на читателите на „Урбан“ дошла Вики, поттикната од написи за слични потфати на нивните сограѓани од населбите во Карпош. Творец на тој навистина волшебен амбиент е нејзиниот сопруг Борче, хедонист во секоја смисла на зборот, кој не пропушта можност да нагласи дека градината не би била така убава ако во неа не е вградена фантазијата и потрошените работни часови на неговата животна сопатничка.

Комплиментите што си ги делат зборувајќи за градината во отсуство на другиот, ќе ви станат разбирливи оној миг кога директно од дневната соба на нивната доградена барака на крајот на улицата Бриселска, ќе зачекорите во навистина нестварен амбиент од разнобојни, цуцести растенија, прошарани со егзотични цвеќиња надвиснати над минијатурното езерце, преполно со риби, стари колку и самата градина.

- Во раната пролет, 1975 година, решив да го реализирам сонот од детството - да направам градина која ќе се разликува од сите што сум ги видел





дотогаш. Донесов земја, влечкав камења отсекаде, најмногу од Водно, а сопругата и нашите роднини на шега велеа дека сум се мрднал со умот. Откако ја направив базата, тргнав да ја проучувам сета достапна литература која се однесува на градини и на бонсаи-растенија и за неколку години е создадено ова што го гледате - вели нашиот домаќин, додека ја набљудуваме утринската „гимнастика“ на разнобојните риби во езерцето.

Го потпрашуваме домаќинот за секое од хармонично распоредените растенија, а тој, за секое од нив, најпрво го кажува латинскиот назив, а потоа и цела „биографија“ - од каде е донесено и како е однегувано во духот на јапонската хортикултурна традиција. Има јавори стари четириесет години, а високи триесетина сантиметри. И не само јавори, туку и дваесеттина други дрвја, фантастични минијатури на својот вид. Најстариот жител на тоа рајско зеленило има сто години и на семејството Гиеви им го подариле од Земјоделскиот факултет, оддавајќи им признание за совршеноста на нивната јапонска градина.

Нашата домаќинка, Вики, со нескриен респект кон делото на својот сопруг ни ја покажува плакетата што за најубаво уреден двор им била доделена уште во 1976 година, во времето кога во дворовите во скопските населби вирееја пиперки и домати.

Уживајќи во тој ретко егзотичен, речиси божествен амбиент, дознавме дека нашите домаќини се страсни љубители на природата, рибари и собирачи на печурки, капинки и чаеви. Борче, дел од својата страст кон стари и егзотични работи, има вградено во секое катче од нивниот дом, во кој доминираат рачно изработен мебел и ретки предмети, меѓу кои, дрвеното буренце за барут за полнење пушки кременарки, привлекува особено внимание.

М. Раденковиќ

Милениумски крст за 2.000 години христијанство

РЕКРЕАЦИЈА И ЗАБАВА НА ВРВОТ НА ВОДНО



На надморска височина од 1.066 метри, на врвот од планината Водно - вистинско уживање. На највисоката точка на планината, на местото познато како Крстовар, е изграден 66-метарскиот Милениумски крст. Прекрасниот панорамски поглед на скопската котлина е вистинскиот мотив за посета на оваа туристичка дестинација.

Некогаш и денес

Непосредно над градот Скопје, Милениумскиот крст е конструиран во 2002 година. Овој религиозен симбол за верност, молитва и благосостојба е изграден во чест на 2.000-годишното христијанство во Македонија. Архитектонското дело на Јован Стефановски-Жан и на Оливер Петровски е комбинација од храброст и од уметност. На познатото место Крстовар, што значи „место на крстот“, во минатото се наоѓал помал крст, па изградбата на големиот Милениумски крст токму таму е од огромно значење. Привлечноста на дестинација и климата, која е пријатна и типично планинска, резултира со голема посетеност од сите генерации. Во внатрешноста на крстот е вграден лифт кој ве носи на височина од која произлегуваат прекрасни фотографии, а адреналинот не престанува да расте. Местоположбата е од огромно значење за туристичките посети и за рекреативните дружби.

Жичницата - благодат за постарите

Жичница со кабини ја поврзува релацијата од Средно Водно до Милениумскиот крст. Пред само две години, до локацијата каде е поставен религиозниот христијански симбол беше потешко да се стигне и поради тоа поретко можеше да се ужива во ниските температури кои ги нудат климатските услови на врвот од планината. Двегодишното функционирање на жичницата ги донесе на највисокото место на планината Водно и најмладите и најстарите. Жичницата располага со 28 кабини со носивост



од 640 килограми и со капацитет од осум лица, како и со две елитни кабини за четири лица. Околу жичницата има дрвени куќички кои нудат освежителни пијалоци и сувенири, како и излетнички клупи и маси за одмор и за опуштање во прекрасната природа. Возењето од Средно Водно до Милениумскиот крст трае 15 минути, а додека се возите можете да уживате во прекрасниот поглед од височина.



Убавина и спокој во едно

Оваа прекрасна планинска идила е совршено место за душевен мир и спокој. Со самото пристигнување на врвот ќе ве изненади гостопримливоста на вработениот тим од „Планинарски дом“, кој во зимскиот период од годината ќе ве стопли со традиционалното ќумбе на дрва и со топол чај, а летно време ќе ве освежи со ладните пијалаци на терасата со поглед кон главниот град. За опуштање, ви препорачуваме посета на оваа дестинација од која ќе добиете нови креативни мисли, а вашата душа ќе биде нахранета со спокој и мир.

Мила Глигорова

ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"
Дом за стари лица "Елисавета"
02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

Следете не нашиот facebook профил и гледајте фотографии од настаните на Културно Лето Карпош 2013

Општина Карпош shared a link.
23 August near Skopje

за нас ...



ФОТО: Карпош се разигра салса со Петар Ренџов
www.press24.mk

ФОТО: Карпош се разигра салса со Петар Ренџов


Olivera Pavlovska samo eden e Stevco Jakimovski bravo za vas sekoja godina ni realizirate uspesno kulturno leto
Like · Reply · 5 · 14 August at 18:23

Divna Zmejkovska odlicno
Like · Reply · 15 August at 11:34

Liljana Klopcevska Bravo za Opstina Karpos i za organizatorite na zabavata
Like · Reply · 15 August at 08:41

Aneta Gogova prekrasno bese se raspolozivme
Like · Reply · 15 August at 06:18

Гледајте ги видеата од настаните на Културно Лето Карпош 2013



На нашата интернет страница можете да го погледнете најновиот Каталог за енергетско ефикасни објекти - 2013

Општина Карпош shared a link.
Yesterday near Skopje

Каталог за енергетско ефикасни објекти во Општина Карпош за 2013 ---- Браво за нас!



Каталог за енергетско ефикасни објекти во Општина Карпош

2013

twitter.com/OpstinaKarpos

ilija culev @ilijaculev 7 Aug
Blagodarnost od mene i komsiite za @OpstinaKarpos sto dojde da go locirame problemot so ulicnoto. Fala sto bevte od zbor ovojpat

Micho Delevski Gradonachalnice chestitki za se shto pravite za mojata opshtinam

Đigi™ @dzigi7 2 Aug
@ane221 и @jordan1223 успешно го искачија најголемиот врв во Алпите (Монт Блан) благодарност до @OpstinaKarpos за обезбеденото спознорство.

Macon @macuki_
@OpstinaKarpos озбилно, што се случува со плоштадот во Влае? Дали ќе продолжи изградбата и кога?

Изградбата на плоштадот во Влае, кај комплексот „Порта Влае", е во тек и во моментов се работи на изведба на фонтаната и на дел од урбаната опрема. Работите се одвиваат со намалено темпо поради спецификата на мермерот од кој треба да се изработи фонтаната, а кој се набавува и обработува со специјална постапка. По привршувањето на фонтаната, изведувачите ќе бидат во можност да пристапат кон целосно уредување на просторот предвиден за плоштад, со комплетирање на урбаната опрема потребна за таа намена (електрика, осветлување, прскалки, хортикултурно уредување).



Изработила: Ива Манова

www.karpos.gov.mk

ПОЧНА „СОКОЛ 2013“

Вчеравечер на игралиштето „Сокол“ во Карпош 1 почна 16. по ред меморијален турнир во мал фудбал „Сокол 2013“ во организација на „Карпош футсал клуб“, чиј генерален покровител е Општина Карпош.

Ревијален натпревар одиграа две екипи составени од фудбалските легенди на ФК „Вардар“ предво-



дени од Кирил Дојчиновски, Кочо Димитровски, Драган Мутибарић, Саша Чирић, Драги Сетинов, Цене Костовски, Зоран Јовановски, Јовче Ципунов, Ерол Демир, Жанко Савов, Зоки Мицевски, Боби Милевски, Мики Петров, Љупчо Марковски, Свето Костовски, заедно со фудбалските легенди од турнирот „Сокол“. Љупчо Марковски-Калц од турнирот очекува спортско натпреварување и фудбал за уживање. Ветеранот Саша Чирић изјави дека првпат присуствува на овој турнир и токму затоа тоа за него претставува огромно задоволство и чест. Натпреварот заврши со нерешен резултат 5:5, а по изведувањето на пеналите подобри беа фудбалерите од екипата на легендите на „Сокол“, кои славеа со 5:4.

По завршувањето на ревијалниот дел беа извлечени и двојките за наредните натпревари на турнирот.

Оваа година пријавени се 40 сениорски екипи и 20 јуниорски екипи, составени од најдобрите фудбалери во мал фудбал од Република Македонија. Првпат годинава на турнирот ќе учествува и една екипа од друга држава, поточно од соседна Србија.

Неделава почнуваат натпреварите по групи. Ги повикуваме сите фудбалски ентузијасти, фудбалери, активни учесници и навивачи, љубители на спортот, да го проследат ова едномесечно спортско дружење во Општина Карпош. Актуелните резултати можат да се следат на официјалната страница за обожаватели на турнирот на „Фејсбук“.

И.М.



Јордан Топковски: Страст за планински височини



ХРАБРОТО СРЦЕ ЈА ОСВОЈУВА ПРИРОДАТА

„Тврдокорни“, како што самите себеси се нарекуваат, е група од петмина планинари-ентузијасти, кои минатиот месец успешно го искачија највисокиот врв на Алпите, Мон Блан. Јордан Топковски, Ана Тошевска, Дамир Смајловиќ, Александар Кирковски и Марија Хаџи-Ристова се едни од ретките Македонци кои успеале да ги погледнат прекрасните европски предели од височина од 4.810 метри. Подвиг достоен за восхит. Но, мотивот кој лежи во заднината на успехот не е пркосот кон природата, туку љубовта кон неа. Токму затоа, оваа приказна говори за длабочината на човековата душа, храброста и за истрајниот карактер на 29-годишниот карпошанин Јордан Топковски.

Животот на младиот авантурист добива динамичен тек кога само на 16-годишна возраст заминува од нашата земја. Како особено талентиран ученик во скопското средно угостителско училиште „Лазар Танев“, тој обезбедува едногодишен работен престој во хотелот „Лонг филдс“, во центарот на Даблин, Ирска. Таму го моделира своето знаење за хотелиерството и за туризмот, кои до денес ќе останат негови сфери на професионален интерес. Во таа насока, воден од искуството, неколку години подоцна, Јордан заминува за Египет на својот следен професионален ангажман. „Задоволни од мојот пристап кон работата и постигнатите резултати, ме повикаа да работам како менаџер на еден помал хотел со ресторан, во чии рамки се наоѓаше и нуркачки центар. Во слободно време сакав да го истражувам подводниот свет, па така почнав да нуркам на аматерско ниво. За кратко време почнав да напредувам и набргу станав инструктор по нуркање на меѓународно ниво“, низ возбуда раскажува Топковски.

Несомнено, допирот со природата е пресвртната точка поради која овој млад светски патник одлучува да ја замени туризмологијата со професија преку која ќе ги запознава луѓето со тајните на нуркањето. „Работев и до 15 часа во денот. Но, кога тоа го правиш од љубов, во тој случај не размислуваш како човек со обврски. Чудно, но само тогаш мо-

жеш целосно да се посветиш на тоа што го сакаш. Сепак, сиот тој труд се исплатеше, бидејќи се стекнав со ПАДИ-сертификатот. Се работи за меѓународна пофалница која ја поседуваат дваесетина луѓе во светот“, додава Јордан.

Но, трагањето по убавините на нашата планета, набргу ќе го однесе во друга насока. Младиот авантурист, посакува да ги допре високите врвови, да ја почувствува свежината на шумските предели, да се запознае со планините. Првиот посериозен подвиг го прави со искачување на Светата Планина во Египет, на височина од 2.600 метри. Во Македонија ги освоил сите поголеми планински врвови, вклучувајќи го Кораб. Неговата најголема гордост досега е Мон Блан, патешествие кое беше поддржано од Општина Карпош. Локалната самоуправа обезбеди финансиска конструкција со која покри дел од трошоците неопходни за една ваков храбар подвиг.

„На некој од медиумите забележав дека Карпош ги поддржува спортистите. И така дојдов до идеја да побарам помош од Општината, која веднаш ми излезе во пресрет. Нејзината помош навистина ми значи многу, па токму затоа на некој начин сакам да ѝ се оддолжам. Во некои од моите наредни потфати, би сакал во знак на благодарност да го развиорам знамето на мојата Општина. Се подготвувам континуирано и планирам да го достигнам мојот зенит до 6.000 метри“, вели момчето со нескротлив карактер.





Секогаш подготвен за нов предизвик, да влезе во прегратките на „камениот џин“ и да го почувствува здивот на планинските ветрови, младиот вљубеник во високогорство говори за своите средби со дивината. „Кога се качувам на планина, јас не се борам со природата, само сакам да бидам дел од неа. Таму се чувствувам најслободен, таму мислите течат спокојно. Времето е бесконечно, а чувството е неповторливо“, објаснува Топковски.

Неговата животна приказна на моменти наликува на алегорија за секојдневното соочување на обичниот човек со своите предизвици. Секој човек, метафорички, има своја планина која треба да ја искачи. Јордан ни докажа дека на тој пат, единственото нешто што го имаме на наша страна е упорноста, довербата во себе и љубовта кон сето она што нè опкружува.

Игор Ѓуровски



BetaMedico Trading, www.betamedico.com.mk, betamed@t-home.mk, тел. 02 3246 698
Аптека Бета Фармација: Иван Милутиновиќ 24; Рузвелтова 28/1, лок.2, 1000 Скопје

Карпошови легенди: Стефан Тодоровски - Цефи

СИНОНИМ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОШАРКА

Улицата Бриселска е убава, а се наоѓа во уште поубава населба, Тафталице 2. Во скромна, доградена барака, со своето семејство живее кошаркарската легенда Стефан Тодоровски-Цефи. Во која било од цивилизираните земји, во кои нивните поданици ги почитуваат и ги слават своите национални јунаци, таа улица и тој дом би биле под заштита на државата. А да не зборувам за патоказите и информативните табли, кои намерникот го известуваат дека тука е родена, живеела или сè уште живее таа личност- легенда.

- Сите нè заборавија, ниту некој ме кани, ниту за нешто ме прашуваат. Додека беше, било и затоа сум прилично изненаден од вашата посета - вели господинот Тодоровски, поканувајќи нè да седнеме на неговата мала тераса.

Иако длабоко навлезен во деветтата деценија од животот, неговиот изглед никако не се вклопува во летата што ги изодил. Облечен во сина тренерка, како да се подготвува да тргне на тренинг, со милозлив лик и прозирно сини очи, Цефи, за што и да зборува, не го крева гласот, ниту гестикулира. Очите ќе му засветкаат одвреме-навреме и тоа само кога зборува за времињата, кога, како што вели „другарството и играта биле пред сè и над сè".

Неговото изненадување од нашата средба е видливо е во неговото раскажување, особено кога кажува за луѓето со кои ги удирал темелите на македонската кошарка. Со нескриена тага зборува за Тошо Тодоровски, Перо Димовски, Асен Николовски, Миха Илиевски, за Лазиќ, со кои веднаш по војната тргнале да играат кошарка, попат создавајќи ги „Македонија", „Вардар", „Работнички", „Трговски", тимовите што ќе ја прослават македонската кошарка.

Освен што бил најдобар играч и капитен на првата кошаркарска екипа, тој бил тренер и учител на најславните македонски кошаркари. Во ретките биографски белешки за Стефан Тодоровски- Цефи, првата легенда на македонската кошарка, нема подробности, битни за целосна слика за една таква личност, така што од прва рака дознаваме за неговиот животен и спортски пат. Најпрвин ја завршил првата машка гимназија, потоа, по барање на „другарите од комитетот" заминал на школување во Нови Сад, па во Земун и во Сараево. По враќањето, се



вработува во тогашната СОФКА (Сојуз за физичка култура), а оттаму преминува во Фискултурното училиште, каде останува 15 години. Се разбира, за сето тоа време активен е во кошаркарскиот спорт.

Тргнал од „Вардар", а во „Работнички" преминал бидејќи, како што вели, бил најдобар клуб. Евоцирајќи ги спомените, легендата Цефи одбегнува да го истакне тоа што другите го велат за него - дека бил главен актер, и како играч и како тренер, но и како педагог. Првпат директно се пофали кога ги опишуваше тренерските години во „Работнички", со кој, неколку години бил во врвот на тогашната југословенска лига.

На прашањето кои се најдобрите кошаркари според неговата оцена, Цефи, без многу да се мисли, ги набројува Цветан Петровски, Буштур, Радуловиќ, Жмара-Боцевски, Рики?

- Тоа беше најдобрата генерација во „Работнички". Тука уште би ги спомнал Драгољуб Лазов и Жарко Ѓукиќ кои беа првите југословенски репрезентативци од Македонија, играа за железничарската репрезентација – вели.

На крајот од нашата средба, на терасата се појави и госпоѓата Билјана за да ни потврди дека сопругот ѝ бил вистинска легенда и дека, кога се зеле, ѝ забранил да игра кошарка. На нивниот син Сашо не му бранел и тој сега е професор на Факултетот за физичка култура и едновремено тренер во „Работнички". Ќерката Виолета, пак, е професорка во гимназијата „Орце Николов", со што Цефи целосно го заслужува епитетот легенда.

М.Раденковиќ



Јоана Станиќ

За месец септември



ОВЕН – Во септември ќе почувствувате свежа енергија и владетелот Марс ќе ви даде моќ со која ќе ги градите своите проекти. Ќе имате одлична можност за соработка, но внимавајте на зборовите што ги користите. Обезбедете си дипломатски пристап и не брзајте во одлучувањето.Слободните Овнови постојано ќе бидат во акција и ќе ја покажуваат својата способност за флерт.



БИК-Ве очекуваат мирни денови, но подоцна во месецот може да станете вознемирени во поглед на социјалниот живот бидејќи сите нема да ги делат вашите идеи. Во љубовта ќе барате партнер на кој ќе можете да се потпрете и кој ќе ја дели вашата потреба за сигурност. На работен план работите ќе течат вообичаено.



БЛИЗНАЦИ – Добар момент е да пробате нешто ново на професионален план. Имате можност да остварите голем број позитивни контакти кои ветуваат просперитет. Ова може да ви донесе и жешко флертување. Бидете внимателни пред да скршите нечие срце.



РАК – Ве нервира работата? Или подолг период не сте среќни во врската? Јупитер сега ви овозможува огромно количество самодоверба за да ги надминете моменталните ограничувања. Ова ќе ви помогне да донесете поголем број одлуки што сте ги одлагале долг временски период.



ЛАВ – Благодарение на Марс, во овој период ќе можете да поправите голем број нешта кои постојано ги одложувате. Продолжете со трпение, самоконтрола и со дисциплина и ќе ви успее она што го замислувате. На полето на љубовта, ве очекува кавга во домот.



ДЕВИЦА – Јупитер ви носи среќни времиња. Тоа што сте го сакале отсекогаш? Повеќе пари? Промоција? Успех во самовработување или повеќе време за заедничка среќа во двојка? Сè што сте почнале ќе даде плод.



ВАГА – Овој месец е навистина поволен за вас во љубовта. Ветува дека ќе ви биде возбудливо, но бидете сигурни дека новиот пламен не ги надминува границите. Професионално, вие сега имате сè под контрола и со малку труд можете да очекувате признание за ремек-дело.



СКОРПИЈА – Нештата ќе ги гледате поцрно од вообичаеното и лесно се саботирате самите себе. Сепак, од 11 септември почнуваат заеднички моменти со партнерот, а пристигнува и помош и поволни шанси што не треба да ги занемарувате.



СТРЕЛЕЦ – В раце држите одлични карти кога во прашање е спротивниот пол. Ве чекаат многу возбудливи познанства, но внимавајте да не ги правите претходните грешки. Дел од овие познанства можат да внесат боја во вашиот живот и проширување на хоризонтите.



ЈАРЕЦ – Во целост ќе бидете посветени на работата, но немојте да заборавите на вашиот личен живот! Во септември може да сретнете некој кој буквално ќе ве исфрли од колосек. Можеби сè е тешко, но разгледајте ги проблемите – космосот ќе донесе неколку важни одлуки за вас.



ВОДОЛИЈА – Од сите страни провокации за натпревар! Сепак, сочувајте ладна глава, следете ги своите убедувања и со непогрешлива енергија може да просперирате без нанесување штета.Служете како пример и ќе излезете морален победник. Меркур ви дава неопходно стратегиско размислување и паметна дипломатија...



РИБИ – Професионално, Рибите сè уште пловат на бранот на успехот. Семејството е богатство кое сега може да биде проширено, а сега е одличен период да бидете вредни бидејќи Јупитер во Рак е идеална позиција за гнездење и за плодност, иако Венера во Скорпија ја скратува желбата.


Affliction
Georges St-Pierre


CRVENA JABUKA




Egnater
RCF
RCF